# **Р Е Ф Е Р А Т**

Со писмо (одлука) број 03-199 од 30.11.2015 известени сме дека Наставно-научниот уметнички совет на факултетот за Филмски уметности при Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска Филмска Театарска и Танцова Академија - Скопје на седницата одржана на ден 27.11.2015 донесе одлука со која не избра за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник по група стручно уметнички предмети од обласста на **Филмска и ТВ Монтажа, Тонска монтажа и Компјутерски софтвер за монтажа** во наставно-научно звање **Вонреден професор** на Факултетот за филмски уметности**.**

На конкурсот за избор на наставник во наставно научно звање Вонреден професор на Факултетот за филмски уметности од обласста на Филмска и ТВ Монтажа, Тонска монтажа и Компјутерски хардвер и софтвер за монтажа при Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска Филмска Театарска и Танцова Академија - Скопје, објавен на 14.11.2015 во весникот *Нова Македонија,* се пријави и поднесе документација еден кандидат: **М-р. Миле Петковски.** Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав Професор Јордан Плевнеш, Д-р Александар Трајковски и М-р Роберт Јанкулоски врз основа на увидот во документите и објавените научно-истражувачки и уметнички трудови, има чест на Наставно-научниот уметнички совет на факултетот за Филмски уметности при Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска Филмска Театарска и Танцова Академија - Скопје да му го поднесе следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

Миле Војне Петковски е роден во 1952 година во Скопје каде завршил основно и средно образование. Во 1979 се вработел во Македонската Радио и Телевизија каде работел како филмски и телевизиски монтажер до 1998 година. Во 1987 година се запишал на студии на “Факултетот на Уметностите” на отсекот драмски уметности, насока филмска и телевизиска мотажа во Белград, Р. Србија. Диполмирал во 1991 година на тема: “Електронска монтажа на ТВ филм под наслов Мала ноќна музика” со оцена 10. На последипломски студии на Интердисциплонарни културолошки студии во книжевноста се запишал во септемрви 2009 година и истите ги завршил во 2011 година.

Од 1998 до 2000 година работел технички директор за филмска и телевизиска продукција во студио “KAN”. Од 2000 година има основано сопствено студио за филмска и телевизиска продукција, а од 2007 хонорарно е ангажиран како стручен соработник по филмска и ТВ монтажа на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА во Скопје.

Миле Петковски бил член на ЈРТ за технички и едукативни прашања и е член на здружението на филмски работници на Р. Македонија.

Во 1982 година има добиено награда за филмска монтажа на “Фестивал за филмски и телевизиски монтажери” во Словенија за документарниот филм “Преселба на МТВ”. Во 1992, на покана на француската телевизија “TéléDiffusion de France” учествувал на седумнаесеттите зимски олимписки игри во Alberiville, Р. Франција како технички инженер и монтажер.

Од неговото прво вработување како монтажер во 1979 година до денес учествувал и бил автор на изработка на шест играни филмови, двесте документарни филмови, дваесет наслови на ТВ серии и дванаесет рекламни спотови.

**Заклучок**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна филмска, телевизиска и педагошка дејност може да се констатира дека се работи за личност која ќе даде сериозен придонес своето големо знаење и искуство да го пренесе на помладите генерации студенти. Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот уметнички совет на факултетот за Филмски уметности при Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска Филмска Театарска и Танцова Академија, да го избере **М-р. Миле Петковски** во звање **Вонреден професор** по група предмети од областа на **Филмска и ТВ Монтажа, Тонска монтажа и Компјутерски хардвер и софтвер**.

Рецензентска комисија:

професор Јордан Плевнеш

Вонр. проф. Д-р. Александар Трајковски

Вонр.М-р. Роберт Јанкулоски